КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

www.kinoteka.mk

MEMBER OF FIAF

Ул. Никола Русински бр.1 п.фах 16, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2/ 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2/ 3071-813

Rr. Nikolla Rusinski nr. 1 p.faks 16, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, faks: +389 2/ 3071-813

Nikola Rusinski 1 P.O.box 16, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, fax: + 389 2/ 3071-813

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Бр.01 – 78/1
8.2.2021г

# ИЗВЕШТАЈ

## за работата на Кинотеката на Република Северна Македонија

## за 2020 година

Поради состојбата со пандемијата на Covid-19, ќе напоменеме дека проектот за дигитализација и дигитална реставрација на 21 кратки играни филмови не беше завршен во целина. Филмовите беа скенирани и од неколку од нив беа изработени видео фајли, и беа добиени и дигитализираниот тон од сите филмови во „ави“ формат. Сите останати постапки за дигитализација (енкдоинг, стабилизација на слика, кропување на слика, изедначување на звук, колор корекција и експорт, а на дел од филмовите и титлување) беа направени во кинотеката. Заради ребалансот на буџетот и забавените работни процеси заради пандемијата, исто така делумно е завршен проектот за дигитална реставрација на два играни филмови. Започнатата дигитална реставрација на МИРНО ЛЕТО е завршена во 2020, но дигитална реставрација на ФРОСИНА, започната во 2020, ќе се заврши првото тромесечје од 2021.Наративниот извештај, како и секоја година, Кинотеката го подготвува по стандардите и препораките на ФИАФ, меѓународната федерација на филмски архиви, чиј полноправен член е Кинотеката на Република Северна Македонија.

### 1. Прибирање на филмови и филмско-архивски документи

**Прибирање на филмови**: Од страна на режисерот Милчо Манчевски, беа предадени копии на 35 мм филмска лента од неговите играни филмови „Прашина“, „Сенки“ и „Мајки“ (2 копии). Исто така, примени се и дигибета касети од неговите кратки филмови, видеа и трејлери од филмовите, како и 9 внатрешни хард дискови и 7 ЛТО6 ленти со дополнителни материјали од играниот филм „Врба“. На споменатите носачи сместени се материјали од снимањето на филмот, од постпродукцијата на филмот, како и финални експорти од филмот.

Беа прибрани повеќе филмови на други носачи на слика и тон, како и филмови и серии финансиски поддржани од Агенцијата за филм. Во дигитална форма беа предадени следните наслови: **играните филмови** „Покрај маглата“ во режија на Горан Паскаљевиќ, а во малцинска копродукција на Сектор филм (ДЦП на екстерен хард диск), „Хомо“ во режија на Игор Иванов и во продукција на „Скопје Филм Студио“ (хард диск со DCP, H264, блуреј, DCDM, трејлер и титли); „18% сиво“ во режија на Виктор Чучков и во малцинска копродукција на „Сектор Филм“ (отворено DCP од чиста верзија од филмот, како и од

македонската верзија, како и 2 копии од плакатот за филмот), „Летечкиот циркус“ во режија на Фатос Бериша, а во продукција на „Црна мачка продукција“ дооел Скопје (хард диск со DCP, ProRes, MP4 и BluRay видео фајли, аудио микс, англиски титли, потоа трејлер, како и фотографии и плакат од филмот), „Јас сум Френк“ во режија на Методи Певец, македонски ко-продуцент „Small Movies“ (хард диск со DCP, чиста и верзија со англиски титли, DCP од трејлерот на филмот, ProRes 422 од чиста и англиски верзија на филмот, H264 фајли од чиста и англиски верзија од филмот, како и промо материјали и македонски, хрватски, англиски и словенечки титли), „Дедо и внук“ во режија на Илија Пиперковски, а во продукција на „Пандора Бокс“ (хард диск со DCP и ProRes фајли од филмот, чиста и копија со англиски титли, и ЛТО 6 лента со сите снимени материјали, DSDM и DPX фајли, како и DCP и ProRes фајли од филмот (чиста копија и копија со англиски титли) и, посебно, тонот, шпиците (македонска и англиска) и субтитлите) и „Стела“ во режија на Стојан Вујичиќ, предаден од продуцентот Огнен Антов. Предадени се: Отворено ДЦП од македонска и англиска верзија од филмот. Блуреј и ДВД мастер од филмот. H264 фајл од македонска верзија од филмот. DCDM составен од слика во TIFF 2048x858p, звук во WAV поделен по канали и превод во .SRT фајли - македонски и англиски. Работни фотографии од снимањето на филмот, како и изворни материјали од филмот. Исто така, копија од сценариото на филмот и прес кит; **документарните филмови**: „Кеиф (Македонска чалгиска традиција)“ во режија на Блаже Дулев, и во продукција на „Авард филм и видео“ (хард диск со финалните материјали од филмот, ДЦП, H264, како и фотографии и останати материјали - субтитли, постер и сл.); „Професорот“ во режија на Јордан Дуков и во продукција на „Кадар“ (хард диск со ДЦП, ProRes, H264, како и сиров материјал од снимањето и фотографии и останати материјали - субтитли, постер и сл.); „Патот на локумот“ во режија на Елизабета Коневска и Роберт Јанкулоски (хард диск со DCP, H264, како и дигитална верзија од плакатот за филмот); „Боите на Преспа“ во режија на Перо Попов и во продукција на „Карма Икс Ел продукција“ (екстерен хард диск со финалните материјали од филмот, DCP, H264, како и сирови материјали од снимањето на филмот); „Писмото го донесе шампионот“, во режија на Мирко Трајковски и Александар Манасиев и во продукција на „Видео Студио Петковски“ (хард диск со финалните материјали од филмот, DCP, H264, Блуреј, како и фотографии од снимањето на филмот, подготовка за постер и сирови материјали од снимањето); „Незо“ во режија на Мерита Чочоли-Сали и во продукција на „Тајм лапс мувис“ (хард диск со финалните материјали од филмот, DCP, H264, Блуреј, титли, како и подготовка за постер и банер од филмот); „Господата од современа“ во режија на Ана Алексовска и во продукција на „Лист продукција“ (на хард дискот се финалните материјали од филмот, DCP, H264, ProRes, Блуреј, DCDM, како и фотографии од снимањето на филмот и сировиот материјал);

„Небо-точак-земја“ во режија на Коста Марковски и во продукција на „Супер продукција БТР“ Дооел Скопје (хард дискот содржи отворени DCP, МП4, ДВД и BluRay видео фајли од филмот, чиста и верзија со англиски титли, срт титли, како и фотографии и плакат од филмот); „Љубовната соба“, во режија на Сузана Диневски, предаден од продуцентот Владимир Стојчевски (хард диск со отворено ДЦП од македонска и англиска верзија од филмот, како и од чиста верзија, ProRes HQ од чиста верзија од филмот, H264 од македонска, англиска и чиста верзија од филмот, потоа фолдер со преводи - македонски и англиски, како и фотографии од снимањетона филмот); „Човек со две лица“ во режија на Марија Џиџева, предаден од продуцентот Владимир Стојчевски (хард диск со отворено ДЦП од македонска и англиска верзија од филмот, ProRes 422 фајл од верзијата со англиски титли, H264 фајл од македонска и англиска верзија. Потоа фолдер со македонски и англиски преводи, како и флаер и фолдер со работни фотографии и изворни материјали од филмот) и долгометражниот „Исти доживувања од разчични перспективи“ на режисерот Сенад Абдули а во продукција на „Арнел“ (на хард дискот се DCP и МП4 фајли од филмот (со македонски и албански титли), како и СРТ фајли со титлите на македонски и албански јазик); потоа **кратките играни филмови** „Job“, во режија на Александар Андоноски и во продукција на „Видео студио Петковски“ (хард диск со финалните материјали од филмот, DCP, H264, Блуреј, како и фотографии од снимањето на филмот); „Шеќерни луѓе“, во режија на Сузана Диневски, а во продукција на „Сузи Кју продукција“ (хард диск со отворено DCP од македонска и англиска верзија од филмот, H264 ХД фајл од чиста верзија од филмот, DCDM составено од 2к DPX фајлови од филмот, звучен мастер во WAV 5.1 и англиски превод во SRT фајли. Исто така и фолдер со фотографии од снимањето, како и изворните материјали од снимањето на филмот) и „Денот на Ана“, во режија на Сабидин Алиу и во продукција на „Висиони плус“ (хард диск со DCP, H264, ProRes фајли и титли). Исто така, беа примени и **анимираните филмови**: „Кавал“ во режија на Саша Станишиќ и во продукција на „ТВ Студио 7“ (хард диск со DCP, H264, Блуреј, ДВД, титли, како и подготовка за постер од филмот); „Јадица“ во режија на Иван Ивановски и во продукција на „Флип бук“ (УСБ диск со DCP, H264, како и стил фотографии и синопсис од филмот); „Вида и Добре“ во режија на Владимир Лукаш и во продукција на „Флип бук“ (УСБ диск со DCP, H264, како и стил фотографии и синопсис од филмот). Годинава, за прв пат беа предадени и материјали од македонска играна серија. Станува збор за ТВ серијата „Зоки Поки“, во продукција на „Кино око“ дооел Скопје (хард дискот ги содржи сите епизоди во ProRes формат, сите епизоди во mp4 формат, аудио микс во wav формат, спотови и трејлери во mp4 формат, како и фотографии од серијата).

Примен е хард диск со материјали од Стефан Сидовски, со филмовите Образ, Параноја и материјали од документарниот филм за Стефан Сидовски.

Од Факултетот за драмски уметности во Скопје, беа преземени 102 наслова од журнали на Филмске Новости, тонски копии на 16 мм филмска лента. Журналите се снимени во периодот 1962-1964 година.

Од нашата амбасада во Париз, Франција, со посередство на г. Јордан Плевнеш, беа примени 98 BETACAM касети, со различни материјали, емисии од француско производство, а кои се однесуваат на Македонија.

**За сите примени филмови има посебни записници со спецификација што сè е примено (кои формати и на кои носачи).**

Во овој извештаен период, по добивањето на дозвола од Бирото за јавни набавки, беше спроведена постапка со преговарање без објавување на оглас, со предмет, набавка на услуги - Прибирање на архивски филмски материјали од „Филмске новости", продуцентска компанија од Белград, Србија. По завршувањето на дигитализирањето и подготовката на видео фајлите од сториите/прилозите на „Филмске новости" кои се снимени и се однесуваат на Македонија во периодот 1945-1948 година, во месец ноември ги добивме материјалите на екстерен хард диск. Вкупно 43 стории во времетраење од 72 минути.

**Фототечни материјали**: И годинава, континуирано се прибирани програми, плакати, покани, флаери и каталози од кинотечната филмска програма (по 10 во месеците февруари и март). Потоа, поради пандемијата кинотечното кино престана да работи се до отварањето на летното лино под отворено, во месец август. Тогаш се прибрани 7 програми од фестивалот Македокс. Прибрани се каталози, списанија и друг пропаганден материјал од обемниот фондот на ИФФ Браќа Манаки (се работи на негово попишување, досега се попишани 276 каталози како и 153 списанија и каталози од странски фестивали) и попишани се 463 странски плакати од играни филмови. Од програмата на нашето летно кино „Мирно лето" пробрани се плакати и програми од филмовите прикажани на фестивалите „Скопје филм фестивал", „Скопје синема сити", „Трпеза филм фестивал", „ЕХО Фестивал" и од 49. Државен фестивал на непрофесионален филм, потоа од циклусите „Декалог" на Кшиштоф Кешловски, 100 години Фелини и Денови на квир кино. Прибрани се и плакати, каталози и пропаганден материјал од МАКЕДОНИЈА ФИЛМ, вкупно 329 примероци.

Прибрани се плакати од македонските филмови „18% сиво" и „Сите ќе умреме". Од Агенцијата за филм добиени се плакати од македонски долгометражни, краткометражни и документарни филмови - „Правила на уметноста", „Кобра", „Три животи", „Три занаети. Три загуби", „Карма" „Големата вода", „Трето полувреме", „Златна петорка", „Опера", „Споменикот на Мајкл Џексон", „Македонскиот Дон Кихот", „Превртено", „Медена ноќ",

„Насоки“, „Панкот не е мртов“, „Деца на сонцето“, „Лазар“, „Сенки над Балканот“, „Магнолија“, „Види ја ти неа“, „Локални херои-светски таленти“, „Врба“, „Виа Карпатија“, „Зошто Јас“, „Пештерата“... вкупно 240 плакати.

**Книги и библиотечни материјали**: Во библиотеката се купени и/или подарени 49 книги, а Петар Христовски донираше во кинотеката 8 книги, 25 филмски каталози, пропаганден филмски материјал од странски филмови и 12 филмски плакати од странски филмови. Годинава е преземен легат на Стефан Сидовски (околу 2.000 книги) и на Илинденка Петрушева (околу 1.000 книги). Од страна на продуцентот Роберт Насков, донирани се 257 броја од списанието Hollywood reporter. Во текот на годината, исто така, редовно пристигнуваа списанијата, странските „American Cinematographer“, 7 броја, „Љетопис“ од Загреб, 1 број, „Кинотека“ од Белград 2 броја и домашното „Филм +“, 5 броја, кои се инвентарираат.

Селектирани се 735 прес-клипинзи, исечоци од дневниот и неделниот македонски печат, како и од интернет портали, кои се однесуваат на сè што е актуелно во македонската кинематографија (продукција, прикажување, дистрибуција, фестивали и други манифестации и настани) и за македонските филмови. Исто така, селектирани се и прес-клипинзи и програми и каталози од филмски фестивали и манифестации одржани во кинотеката и во Републиката.

## 2. Заштита, репарација и чување на филмови и филмско-архивска документација

Во 2020 година, беа изработени конзерваторски елаборати и барања за конзерваторски одобренија за дигитална реставрација на 2 македонски играни филмови „Фросина“ и „Мирно лето“. Проверени се негативите и подготвени се за дигитализација и дигитална реставрација. По завршувањето на целата постапка и добивањето на конзерваторското одобрение, беше распишан и тендерот за дигитализација на овие филмови. Првиот тендер пропадна поради високата понудена цена. По успешното повторно објавување на меѓународниот тендер, беше избрана фирмата „Клик Филм“ од Загреб, каде беа испратени негативите од овие два филма и каде се работи целокупниот проект. Дигитализацијата на филмот „Мирно лето е завршена, додека се работи на реставрацијата на филмот „Фросина“. Проектот се продолжи во 2021 година поради кризата со корона вируот и поради ребалансот на буџетот. Истата постапка е спроведена и за потребите за дигитализација на играниот филм „Збогум на XX век“. Изворните материјали, по потпишувањето на Договорот со режисерот на филмот Александар Поповски, беа испратени во САД, во фирмата „Vinegar Syndrome“.

И оваа година продолжи отстранувањето и санирањето на физичките оштетувања (пикирање) на филмовите на филмска лента кои се депонирани во Кинотеката или беа

прикажувани во филмската програма на Кинотеката. Во овој период беа испикирани, прегледани, премотани, и измерени 17 наслови играни филмови и 39 ролни филмски новости (негатив и позитив слика и негатив тон) на 35 мм. филмска лента, со вкупна должина од 36.678 метри.

Истовремено, како еден вид заштита, филмовите од националната продукција, добиени на разни формати и носачи, и за разни цели, беа преснимувани на ДВД, на хард дискови и во сторицот (компјутерски сервер за чување на филмови во дигитален формат). Исто така, филмови беа преснимувани и за проекции, во Кинотеката или за надворешни соработници и институции, како и за истражувачки и за промотивни потреби. Преснимени на ДВД се 24 наслови анимирани филмови и 1 документарен филм. Во сторицот и на ЛТО ленти се преснимени сите материјали од играниот филм „Трето полувреме", додека бекап, преснимување на ЛТО ленти е направено на депонираните филмови во кинотеката: „Шарски зраци", „Зад темнината", „Мисија Лондон", „Вистинската приказна на Хансел и Гретел", „Горчина", „Епизодист", „Девојчето со кибритчињата", „Ова не е американски филм", „Македонците во Истанбул", „Сара, митот", „Име си е име", „Човекот што не сакаше да умре", „Аудиција", „Недовршена приказна", „Малиот бог на љубовта", „Луѓе без земја", „Госпоѓа Рубин", „Образ" и „GameOver".

Од филмските материјали од фондот на Советот за радиодифузија преснимени се од Бета касети во компјутер, компресирани и изработени се ДВД-а за обработка: 20 наслови, 27 епизоди, од 13 касети. Во сторицот се преснимени вкупно 63 касети.

Како еден вид заштита е и телекинирањето на нашата монтажна маса. Во овој период се телекинирани филмовите „Свинга", „Пушење и здравје", „Црвен Крст", „Самопридонес - Езеро Треска" и документација за Мајка Тереза. Исто така, префрлени се во АВИ и МП4 дигитален формат 11 ВХС касети од фондот Георги Василевски.

**3. Обработка, каталогизирање, документација и истражување**

**А) Обработка**

**Филмови и филмски материјали:**

И годинава се продолжи со прегледување на фондот на филмската документација преземена од продуцентот „Вардар филм", при што се прави селекција на материјалите кои се дел од националната филмска продукција и остануваат во депоата во кинотеката и се инвентарираат, а остатоците, дубловите и рестловите се враќаат во депото во Хавзи пашини конаци во с. Бардовци. Во овој извештаен период вкупно се прегледани 175 кутии/ролни, од кои 68 кутии/ролни се селектирани, а останатите 107 ролни се вратени во Бардовци. Сите селекторани ролни се евидентирани во посебен список. Истовремено се врши и кратка обработка на содржината.

Беше направена и примарна кинотечна обработка на 2 долгометражни документарни филмови, потоа 5 кратки играни филмови, како и обработка и каталогизација, кус опис на содржините и идентификација на настани, личности, локации, време на снимање и сл. од филмскиот фонд „Бугарско дело", и тоа 17 кино прегледи.

Продолжи систематскиот преглед и обработка на фондот преземен од Советот за радиодифузија, сега Агенција на аудио и аудиовизуелни услуги, односно на филмовите финансирани од средствата од радиодифузна такса. Беа обработени 20 наслови со 27 епизоди.

За потребите на кинотечната филмска програма или поради испраќање за прикажување во странство, на монтажна маса беа прегледани 35 мм копии на 8 играни филмови, како и 8 ролни (позитив и негатив филмска лента), документација за Мајка Тереза.

Во **библиотеката** се обработени и инвентарирани, според УДК стандардот, 49 нови книги.

**Б) Каталогизирање**

Беа прегледани и инвентарирани во влезна книга и компјутер 5 нови наслови (на 13 внатрешни хард дискови и 7 ЛТО6 ленти), како задолжителен примерок, како и 36 наслови добиени од Агенцијата за филм (на 24 хард дискови, 11 УСБ дискови и 1 ЛТО6 ленти). И филмовите на Милчо Манчевски „Бикини Мун", „Крајот на времето" и „Четврток" се преснимени во сториџ и инвентарирани во влезна книга и во компјутер.

Каталогот на кинотечната интернет страна „Македонски информациски филмски центар" беше дополнет со нови 219 записи од ТВ продукцијата на Советот за радиодифузија, и беа ажурирани (биографски податоци) и дополнети сите 1234 автори и соработници. Базата постојано со дополнува и проширува со новите наслови и автори.

Во текот на 2020 година, продолжи внесувањето нови и корекција на постојните податоци во нашите локални бази на податоци. Во базата на македонската кинематографија беа внесени и/или корегирани 1.567 записи, а во базата на светската кинематографија внесени се нови 403 записи. Во базата пишувана документација беа корегирани 660 записи, во базата фотографии внесени се и додадени на соодветниот запис, 3.108 фотографии и сигнатури од македонски играни филмови. Годинава започна корегирањето, дополнувањето и внесувањето на нови податоци во базата филмолошка библиографија. Беа корегирани и/или внесени 1.853 записи.

**В) Документација**

Создадена е фото и видео документација од сите настани, циклуси, премиери, промоции што се одржаа во Кинотеката на Северна Македонија, меѓу кои и: доделувањето на „Златен објектив", филмските фестивали „Скопје филм фестивал", „Скопје синема сити", „Филозофски филмски фестивал", фестивалот на германски филм „Буф", циклусите на Чарли

Чаплин, Кшиштоф Кешловски, Митко Панов, потоа од проектот „Филмска училница“ и други проекции, премиери и промоции (подолу, во рамките на филмската програма подетално се опишани).

Скенирани се прес клипинзи од македонските играни филмови „Под исто небо“ (87), „Солунските атентатори“ (142), „Денови на искушение“ (80), „Скопје 63“ (298), „До победата и по неа“ (133), „Мементо“ (112), „Каде по дождот“ (44), „Македонска крвава свадба“ (204), „Цената на градот“ (65) и „Планината на гневот“ (82). Вкупно се скенирани 1.247 документи.

**Г) Достапност до колекциите**

Годинава, поради пандемијата, колекциите на Кинотеката на Северна Македонија ги ползуваа помалку поединци (стручни и научни работници, студенти и ученици) и културни, уметнички и научни установи, институции и манифестации, и продуцентски компании за реализација на нови продукции. За реализирање на сите овие барање беа преснимувани филмови, инсерти и други материјали на различни формати (Бета, Дв кам и ДВД). Така, беше преснимен на ЛТО6 лента, краткиот анмимиран филм „Кавал“. Потоа, за продукцијата Авард, за истражување и подготовка на документарен филм, беа пребарани, селектирани и подготвени материјали од 70 документарни филмови. Беше направена и селекција и беа испратени 4 кратки докумемтарни фолмови од Бранко Гапо на филмски фестивал Астерфест. На Агенција за промоција и поддршка на туризмот при Владата на Република Северна Македонија ѝ беа предадени документарните филмови ГАЛИЧНИК, ОХРИД, РИТАМ И ЗВУК, ГАЛИЧКА СВАДБА и КОКИНО (експериментален филм), за подготовка на промотивни видеа за промоција на домашниот туризам, под наслов „Дома си е дома“, на маркетинг агенцијата „Ну момент њу идеас компани“ ДОО Скопје, беа преснимени инсерти од филмовите ЕХОТО НА МОЈОТ ГРАД, ГРАД НА ЧОВЕКОВОТО ПРЕПОЗНАВАЊЕ и ГРАДОТ НА ВАРДАР, а за подготовка на документарен филм за градот Скопје; на Месната заедница, с. Галичник, беше преснимен филмот ГАЛИЧКА СВАДБА, за прикажување бидејќи манифестацијата годинава не се одржа; на авторот Љупчо Паунковски од Охрид, му беше преснимен филмот ШАМПИОНИ НА ВОДНИТЕ ПРОСТРАНСТВА, а за подготовка на филм за маратонското пливање во Охрид; и на студентот по филмска камера на Универзитетот за аудиовизуелни уметности „Еуропа прима“ од Скопје, Борис Ралев, му беа преснимени инсерти од документарниот филм „Самопридонес“, со цел да изработи некомерцијален видео-запис за езерото Треска крај Скопје, со кој ќе ги промовираат неговите убавини. Исто така, на продуцентот АВАРД филм и видео, му беа издадени инсерти од филмовите 11 ОКТОМВРИ, КУЛТУРЕН ЖИВОТ ВО МАКЕДОНИЈА, ПО ДОЛИНАТА НА ВАРДАР, АФИОН, ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО, НИЗ ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА, МИТИНГ ВО ПРИЛЕП, ПРЕЧЕК НА ДИМИТАР ВЛАХОВ ВО КУМАНОВО И СКОПЈЕ, ВТОРО

ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ, ПРВОМАЈСКА ПАРАДА ВО СКОПЈЕ 1945, ВО ИЗБОРИ ЗА НОВИ ПОБЕДИ, ПЕТ ГОДИНИ НРМ, ГРАДОТ НА ВАРДАР, а за реализација на документарниот филм „Човек со две лица".

Во **библиотека** одреден период, заради пандемијата, се работеше со корисници на филмолошка литература и другиот библиотечен фонд, како што се надворешни соработници и студенти (за матурски и приемни испити, дипломски и магистерски и докторски студии), како и дел од вработените во Кинотеката.

## 4. Прикажување на филмови, изложби и издавачка дејност

Во 2020 година кинотеката испрати тонска копија, на 35мм. филмска лента од филмот ИСПРАВИ СЕ, ДЕЛФИНА, за прикажување во Белград, по повод омажот на Неда Арнериќ.

Поради пандемијата од корона вирусот, во 2020 година немаше редовна кинотечна филмска програма во нашата кино сала (програмата беше откажана во перидот од 11.03. до 09.07.2020 година). Во месеците април и мај беше реализирана соработка со он-лајн платформата Cinesquare преку која документарни и играни филмови од националната кинематографија беа бесплатно достапни до кинотечната публика.

Од 10.07. филмската програма се одвиваше на отворено, во дворот на Кинотеката, до 08.10.2020, од кога повторно проекциите се одржуваа во киносалата, но со почитување на мерките за заштита од Ковид 19.

Покрај редовната програма, беа организирани и повеќе тематски циклуси посветени на автори и национални кинематографии, фестивали, како и организирани проекции. Меѓу другите би ги спомenале: Кино утро, Ревија на германски филмови, Скопје синема сити, Скопје филм фестивал, Младински Филмски Фестивал, Фестивал на женски права, Филмови по избор на Гете-институт Скопје, Фестивал на документарен филм „Македокс", Фестивал „Џифони-Македонија", Фестивал на дебитантски филм „Киненова", како и меѓународниот фестивал на анимирани филмови „Анимакс". Потоа, беа организирани денови на словенечката култура и недела на ирански филм, а беа прикажани и омажи на Неда Арнериќ, Чарли Чаплин, Данчо Чевревски, Кшиштов Кешловски и Митко Панов.

Во рамките на филмската програма беа одржани 313 проекции на 283 наслови, со 8.995 посетители.

Во нашата кино сала и во галеријата, беа организирани и повеќе проекции, промоции, трибини, конференции, презентации и други содржини, како што се состаноци на Општина Карпош, организирани проекции на филмот „Медена земја" и други.

**Изложби и промоции**:

Како придружна манифестација на одбележувањето на 100 години од раѓањето на Фелини, беше организирана изложба на Зоран Кардула со постери посветени на филмовите

на Фелини. Од 11.11. до 18.11.2020 во галеријата на Кинотека беше поставена изложба на Лидија Гурковска. Исто така, на крајот на годината беше поставена и изложбата на црногорски филмски плакат.

**Издавачка дејност**: Во 2020 година кинотеката го издаде двобројот 57-58 од своето списание КИНОПИС.

Како дел од издавачката дејност, треба да се одбележи и издавањето на ДИГИПАК комплетот со 4 ДВД-а во кои е поместена селекција од 31 македонски кратки играни филмови (дел од дигитализираните филмови од постарата продукција и дел од поновата продукција на дигитален формат).

5. **Меѓународни релации и соработка**

Во рамките на активностите реализирани на полето на меѓународна соработка на Кинотеката, во јануари институцијата го поднесе својот годишен извештај до ФИАФ (FIAF - Меѓународната федерација на филмски архиви), како и извештајот за реализираната филмска програма во 2019 до Europa Cinemas мрежата. Во февруари беа подмирени годишните членарини во ФИАФ и во АЦЕ (АСЕ – Европска асоцијација на кинотеки), а до крајот на март до Јапонската амбасада во Скопје беше поднесена апликација за користење на грант (CGA – Cultural Grant Assistance) од програмата Cultural Grassroots Project of Japan (CGPJ) за обнова на специјализираната филмска библиотека и формирање на цебно кино/мултимедијално катче за потребите на Кинотеката. Во два наврати – во мај и во јуни, од Europa Cinemas на Кинотеката ѝ беа исплатени субвенции за прикажани европски филмови во 2019 и 2020 година како мерки на ЕУ за санирање на штетите од КОВИД-19.

Сите настани, фестивали и средби во странство на кои вообичаено присуствува претставник на Кинотеката беа одложени и реализирани преку он-лајн конференциски врски. Така, директорот на Кинотеката, Владимир Ангелов, наместо предвиденото присуство на конгресот на ФИАФ, кој требаше да се одржи во Мексико, во април учествуваше преку он-лајн конференциска врска на Генералното собрание на организацијата, а на ист на начин на крајот од јуни се одржа и Генералното собрание на АЦЕ. Филмологот Бојан Станишиќ во јули учествуваше во дводневна он-лајн работилница организирана од European Cinemas во врска со организирање филмски проекции и иднината на кинoприкажувањето од аспект на новонастанатите услови и протоколи за јавни настани, додека Игор Старделов, го проследи годинешното он-лајн издание на фестивалот на неми филмови Giornate del cinema muto, што вообичаено секоја година се одржува во Порденоне, Италија.

Во соработка со Националната кинотека на Италија (CSC - Cineteca Nazionale, Roma) и по повод 100 години од раѓањето Федерико Фелини, во септември Кинотеката организира

проекција на 12 наслови од опусот на големиот италијански режисер во рамки на Скопскиот филмски фестивал.

Во соработка со Амбасадата на Република Полска и Полската национална телевизија, во рамки на кинотечната филмска програма за ноември и декември беше откупен за прикажување телевизискиот серијал ДЕКАЛОГ на Кшиштов Кјешловски.

Преку Кинотеката на Луксембург, Кинотеката достави дигитални филмски (4 долгометражни и 2 краткометражни играни филмови) и промотивни материјали наменети за он-лајн филмска програма посветена на режисерот Милчо Манчевски која се пренесуваше во октомври, во рамки на фестивалот CinEast 2020 (Central and Eastern European Film Festival).

Кинотеката се вклучи во реализација на проектот Season of Classic Films кој е во организација на АЦЕ (ACE), а финансиран од Европската Комисија преку програмата Creative Europe MEDIA. Проектот, во кој Кинотеката учествува со дигитализираните копии на македонските играни филмови МИРНО ЛЕТО и ФРОСИНА, предвидува прикажување и размена на филмски материјали од 21 европска филмска институција (филмски архиви, кинотеки и музеи). Целта на проектот е промоција на европското филмско наследство и размена на материјали помеѓу институциите чија примарна работа е заштитата на тоа културно наследство.

**Посебни активности и настани**

Во 2020 година, кинотечната награда, Плакета „Златен објектив" за исклучителен придонес во македонската кинематографија, која се доделува секоја година на 29 април, по повод роденденот на Кинотеката, ја добија доајените на македонската кинематографија, костимографот Зорка Тодорова и режисерот и актер Коле Ангеловски, но поради пандемијата признанијата им беа доделени во октомври.

Минатата година беа дигитализирани кинотечните изданија „Кинотечен месечник“ и „Кинопис“ и објавени на интернет сајтот kinoteka.mk. На истиот веб-сајт, во текот на април, мај и јуни беа прикачени и бесплатни линкови до печатените изданија на Кинотеката „Време на игри и соништа“ на И.Петрушева, „Манаки“ на И.Старделов, „Христијанските слики и симболи...во филмовите на А.А. Тарковски“ на А.Чупоски, „Книжевноста во дијалог со филмот“ (М. Горгоска-Илиевска), четиритомната „Историја на филмот“ на Ѓ. Василевски, како и монографиите „Манчевски“ и „Трајче Попов“.

Кинотека на Македонија го реализираше проектот **Филмска училница** - „Гледај филмови, учи и создавај!“, финансиран од Министерството за култура, како проект за креативна едукација од областа на филмот и аудио-визуелното наследство, наменет за ученици од средните училишта. Проектот се реализираше во периодот октомври-декември 2020 година. Сесиите на Филмската училница се одвиваа секоја сабота во времетраење од 10-

14 часот, во просториите на Кинотеката. Се реализираа десет филмски училници на кои учествуваа по десетина учесници.

Беше подготвен предлог за формирање „Фондација Стефан Сидовски - Сидо“, со членови на неговото семејство. Основна цел на фондацијата би била промоција на филмската уметност, филозофијата и културата. Во состав на Фондацијата би влегле претставници на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, Аматерскиот кино клуб – АКК и Филозофското друштво на Македонија, чиј член беше професорот Сидовски, како и претставници на семејството на Сидовски. Вработени во Кинотеката беа ангажирани и во спроведувањето на валоризацијата на аудиовизуелната оставина на професорот Стефан Сидовски, во соработка со неговото семејство, како и на преземање на богатиот фонд на неговата библиотека.

Во текот на годината, како законска обврска, беше изработен План за заштита и спасување на НУ Кинотека на Северна Македонија, со комплетирање и презентација на целокупната документација. На крај беа изработени скици по планот за евакуација од Планот за заштита и спасување.

Во Кинотеката има систем за ладење со кој се одржува константна температура и влага во 8 разладни депоа (фрижидери), 5 за филмска лента (со температура 4-6$^{o}$Ц и влага 40-50%) и 3 депоа за пишувана документација, музејски експонати и електронски/дигитални формати (со температура 18-20$^{o}$Ц и влага 40-60%). Во депоата, особено за филмска лента, е неопходна константна температура и влажност, заради оптимално чување на материјалите во нив. Во месец јуни, се случи хаварија при што во машинската просторија истече маслото од компресорот на системот за ладење. Поради дефектот системот мораше да биде комплетно исклучен и поради тоа беше неопходно негово итно сервисирање и ставање во функција, за што е можно побрзо враќање на вредностите (температура и влага) во нормала. Беше контактирана фирмата ЛТХ Скопје, која и ги проектираше и изведе разладните депоа, и нивната сервисна служба во најкус можен рок го отстрани дефектот и беа пуштени депоата.

21.01.2021 година
Скопје

Директор
Владимир Ангелов